РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1836/5
02-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1836/1 од 27.04.2026 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско и несовесно работење на лицата ------------------ и ----------------, судии во Основен Суд ------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметот поради тоа што за предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1836/1 од 27.04.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 27.04.2026 година, до ДКСК поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско и несовесно работење на лицата --------------- и -------------------, судии во Основен Суд -----------------------.

Во пријавата се наведува дека пријавените лица постапувајќи по прекршочни предмети во Основен Суд -----------------, за кои со Кривичен Законик била предвидена парична казна или казна затвор до три години, тие изрекувале несразмерно поволни казни за сторителите на кривичните и прекршочните дела

Со цел проверка на пријавените наводи, ДКСК достави барање до Судскиот Совет на РСМ. Постапувајќи по барање на ДКСК, Судскиот Совет на РСМ на ден 08.06.2026 година, достави Известување со која информира дека истата пријава била насловена и до Судскиот совет на РСМ и истата ја завеле како претставка и оформиле предмет со број УПП бр.----------/-- од

27.05.2026 година, а за исходот и донесената одлука на Советот по предметната пријава, дополнително ќе се извести ДКСК.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за предметниот случај постапува друг надлежен орган по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: А.Ч.,Претседател на ДКСК